РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

УПП бр. 03-87

Скопје 01.04 2014г.

**До:** **г. Оливер СПАСОВСКИ,**

**овластен подносител на листа на кандидатот за претседател на Република Македонија, Стево Пендаровски предложен од 38 пратеници**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка број 02-348/1 од 28.03.2014 година, доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28.03.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-87, ве известуваме за следново:

Изборниот законик, во член 69-а став 1, определувајќи што сè се смета за изборна кампања, меѓу другите форми го наведува изборното медиумско претставување. На програмите на радиодифузерите, изборното медиумско претставување се реализира низ неколку облици кои се определени во член 2 став 1 точка 22. Меѓу нив спаѓа и директниот пристап до избирачите кој може да биде бесплатно политичко претставување или платено политичко рекламирање. И двете форми претставуваат начин за слободно промовирање на програмите, ставовите и кандидатите, со тоа што суштината на бесплатното политичко претставување е да им овозможи на гласачите да се запознаат со целината на изборниот процес и со програмите на сите учесници во изборната кампања под еднакви услови без предноста што ја носи интензитетот на нивната кампања на терен. Поради тоа, за да се направи разлика во нивната реализација, Изборниот законик, во член 2 став 1 точка 26,

пропишува дека видови платено политичко рекламирање се „огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на учесниците во изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на учесниците во изборната кампања“.

Мониторинзите што Агенцијата ги има спроведено во претходните изборни процеси покажуваат дека Јавниот радиодифузен сервис вообичаено, бесплатното политичко претставување го реализирал како индивидуално директно обраќање на кандидатите до гласачите. Од МРТ и од Собранискиот канал се очекува самостојно да одлучат за формата преку која ќе го реализираат бесплатното политичко претставување, но притоа да го почитуваат Изборниот законик што значи содржините што на програмите на комерцијалните радиодифузери се емитуваат како платено политичко рекламирање да не ги користат како бесплатно претставување.

Во периодот од 24 март заклучно со 4 април, додека трае кампањата за Претседателските избори 2014 година, бесплатно политичко претставување имаат само кандидатите за претседател. Откако ќе започне изборната кампања за Предвремените парламентарни избори (5 април), бесплатно претставување треба да се обезбеди и за учесниците во неа со потврдени листи со кандидати за пратеници.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до Собранискиот канал